СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

на Општина Новаци

Број 09/25

Излегува по потреба 03.06.2025 година (вторник) бр. 09 година XXIX
ж-сметка 749014004563010 Депонент: Народна банка на Македонија
E-mail: opstina@opstinanovaci.gov.mk Примерок - 50 ден.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Заклучок за проследување на предмет до Влада на Република Северна Македонија

1. Се прогласува, Заклучок за проследување на предмет до Влада на Република Северна Македонија, што Советот на Општина Новаци, го донесе на седницата одржана на 30.05.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-513/2
03.06.2025 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/2002 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24), член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и 16/24), Советот на Општина Новаци, на седницата што ја одржа на ден 30.05.2025г. донесе:

ЗАКЛУЧОК

за проследување на предмет до Влада на Република Северна Македонија

1. Советот на Општина Новаци, го разгледа Предлогот за покренување на Граѓанска иницијатива за спроведување на референдум на локално ниво, со предложено прашање на референдумот: ,,Дали сте ЗА или ПРОТИВ изградба на Регионална депонија во Општина Новаци и Пелагонискиот регион,,.

Согласно член 28 од Законот за локална самоупрва: ,,Граѓаните преку референдум можат да одлучуваат за прашањата од надлежност на општината, како и за други прашања од локално значење,, односно одредувањето на локација за регионален центар за управување со отпад не е во надлежност на општината, но тоа е прашање од локално значење.

2. Советот на Општина Новаци, од цитираната законска одредба заклучи дека не може да одлучува за уредеността на Предлогот за покренување на Граѓанска иницијатива за спроведување на референдум на локално ниво, бидејќи:

- прашањето не е од надлежност на Советот на општината (одлуката за локација на депонијата, не ја донесе општината) но

-тоа е прашање од локално значење (ги засега жителоте на општината).

3. Заклучокот на Советот на Општина Новаци, заедно со целокупната документација од точка 1, да се достави до Владата на Република Северна Македонија за добивање на насоки за понатамошно постапување и решавање на овој предмет.

4. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Претседател
на Совет на Општина Новаци
Славица Најдовска Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за утврдување на висината на стапките на данок на имот, данок на наследство и подарок и данок на промет на недвижности во Општина Новаци

1. Се прогласува, Одлука за утврдување на висината на стапките на данок на имот, данок на наследство и подарок и данок на промет на недвижности во Општина Новаци, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 30.05.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-513/3 Општина Новаци
03.06.2025 г. Градоначалник
Новаци Стевче Стевановски

Врз основа на член 11 став 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РСМ” бр.5/02 и „Сл. весник на РСМ” бр.202/24), член 6 став 1 и 6,член 16 став 3 и член 22 став 2 од Законот за даноци на имот („Сл. весник на РМ“ бр. 61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15 и 23/16 и „Службен весник на РСМ” бр. 151/21) а во врска со член 21 став 1 точка 5 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци бр. 7/19 и 16/24), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 30.05.2025 г., донесе:

ОДЛУКА

за утврдување на висината на стапките на данок на имот, данок на наследство и подарок и данок на промет на недвижности во Општина Новаци

I - ДАНОК НА ИМОТ

Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината на стапките на:
- Данок на имот
- Данок на наследство и подарок
- Данок на промет на недвижности

Член 2

Данок на имот се плаќа на недвижен имот, освен за оној имот кој е ослободен од плаќање според Закон за данок на имот.

Член 3

Обврзник на данок на имот е правно и физичко лице сопственик на имот. Обврзник на данок на имот е правно и физичко лице корисник на имотот во случаи кога сопственикот не е познат или не е достапен. Обврзник на данок на имот може да биде и плодоуживател на имот согласно со закон. Ако имотот е во сопственост на повеќе лица, секој од нив е обврзник на данок на имот сразмерно со сосопственичкиот дел. Обврзник на данок на имот е и правно и физичко лице - корисник на недвижен имот во сопственост на државата и општината.

Член 4

1)Со оваа Одлука се утврдува висината на стапките на данок на имот во Општина Новаци.Висината на стапката за пресметување на данокот на имот во Општина Новаци се утврдува на 0,10 %.

2)Стапките на данок на имот можат да се утврдуваат според видот на имотот.

3)Државата, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, како и физичките и правните лица кои нема да пријават дека не користат недвижен имот кој е во нивна сопственост, ќе платат данок по стапка пет пати повисока од пропишаните стапки во ставот 1 на овој член.

4)Обврзникот на данокот на имот за едностамбени или повеќестамбени објекти за домување и двор (земјиште) во кој живее има право на намалување на пресметаниот данок на имот во висина од 50%.

5)Стапката за земјоделско земјиште во градежен опфат кое се користи како двор изнесува 0,05%. Стапката за земјоделско земјиште во градежен опфат кое не се користи како двор изнесува 0,1%.

II - ДАНОК НА НАСЛЕДСТВО И ПОДАРОК

Член 5

Данок на наследство и подарок се плаќа на недвижен имот и право на плодоуживање и користење на недвижен имот кои наследниците, односно примателите на подарок ги наследуваат односно примаат врз основа на Законот за наследување, односно договорот за подарок. Данок на наследство и подарок се плаќа и на готови пари, парични побарувања, хартии од вредност и друг подвижен имот ако пазарната вредност на наследството, односно договорот за подарок е повисока од износот на едногодишната просечна плата во Република Северна Македонија во претходната година, според податоците на Државниот завод за статистика.

Член 6

Данок на наследство и подарок не се плаќа на недвижен имот, кој е ослободен од плаќање според Закон за данок на имот.

Член 7

Обврзник на данок на наследство и подарок е физичко и правно лице-резидент на Република Северна Македонија кој наследува имот, како и правно и физичко лице кое прима имот на подарок во земјата и во странство. Обврзник на данок на наследство и подарок е и странско физичко лице и правно лице-нерезидент за недвижниот имот што го наследува, односно прима на подарок на територијата на Република Северна Македонија.

Член 8

Стапките на наследство и подарок се пропорционални и различни во зависност од наследниот ред. Данокот на наследство и подарок за обврзник од втор наследен ред се пресметува по стапка од 2 %, а за обврзник од трет наследен ред, или обврзник кој не е во сродство со оставителот, данокот се пресметува по стапка од 4 %.

III - ДАНОК НА ПРОМЕТ НА НЕДВИЖНОСТИ

Член 9

Данок на промет на недвижност се плаќа на остварениот промет на недвижноста. Под промет на недвижноста во смисла на закон, се смета преносот со и без надоместок на правото на сопственост, како и друг начин на стекнување на недвижности со и без надоместок меѓу правни и физички лица. Под промет на недвижност не се смета физичката делба на недвижниот имот.

Член 10

Обврзник на данок на промет на недвижност е правно и физичко лице – продавач на недвижноста. По исклучок на став 1 од овој член, обврзник на данок на промет на недвижност, може да биде правно лице или физичко лице – купувач на недвижноста, доколку во договорот за купопродажба на недвижноста, е договорено данокот да го плати купувачот. При замена на недвижности даночен обврзник е учесникот во замената кој дава во замена недвижност од поголема вредност. Ако се пренесува идеален дел на сопственикот на недвижноста, даночен обврзник е секој сопственик посебно. Ако правото на сопственост на недвижноста се пренесува врз основа на договор за доживотно издржување, даночен обврзник е примателот на недвижноста, односно неговите наследници. При продажба на недвижноста на стечајна и извршна постапка, како и при реализација на договори за хипотека, даночен обврзник може да биде и купувачот на недвижноста.

Член 11

Стапката на данок на промет на недвижноста е пропорционална и изнесува 3 %.

Член 12

Во случај кога цената постигната во актот за пренос на правото на сопственост е повисока од пазарната вредност утврдена согласно со Методологијата за проценка на пазарната вредност ,даночна основа е цената постигната во актот за пренос на правото на сопственост. Во случаи кога предмет на пренос на право на сопственост е недвижен имот заведен во имотен лист како земјоделско земјиште (со точна квалификација во имотен лист), а истиот се наоѓа во градежен опфат “при утврдување на пазарна вредност на недвижен имот ќе се третира како градежно земјиште”.

Член 13

При утврдување и наплата на данок на имот, данок на наследство и подарок и данокот на промет на недвижности ќе се применуваат одредбите од Закон за данок на имот.

Член 14

Надзор над спроведување на оваа одлука врши Министерството за финансии- Управа за јавни приходи. Инспекциски надзор над утврдувањето и наплатата на даноците на имот врши овластен инспектор.

Член 15

Со денот на влегување во сила на оваа Одлука, престанува да важи:

- Одлуката за утврдување на висината на стапките на данок на имот бр. 07-614/5 од 06 декември 2005 год. („Службен гласник на Општина Новаци" бр.05/02)
- Одлуката за утврдување на висината на стапките на данок на наследство и подарок бр. 07-446/15 од 03 октомври 2005 год. („Службен гласник на Општина Новаци" бр.07/05)
- Одлуката за утврдување на висината на стапките на данок на промет на недвижности бр. 07-446/14 од 03 октомври 2005 год. („Службен гласник на Општина Новаци" бр.07/05)

Член 16

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето,а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци".

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за усвојување на Финансиски извештај за работењето на МЈП„ПЕЛАЛИНК“ Битола за период од 01.01.2025 до 31.03.2025 година

1. Се прогласува, Одлука за усвојување на Финансиски извештај за работењето на МЈП„ПЕЛАЛИНК“ Битола, за период од 01.01.2025 до 31.03.2025 година, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 30.05.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-513/4
03.06.2025 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.05/2002 и „Сл. весник на РСМ“ бр.202/24) и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци” бр. 07/19 и бр.16/24), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 30.05.2025 година донесе:

ОДЛУКА
за усвојување на Финансиски извештај за работењето на МЈП„ПЕЛАЛИНК“ Битола за период од 01.01.2025 до 31.03.2025 година

Член 1

Со оваа Одлука се усвојува Финансискиот извештај за работењето на МЈП „ПЕЛАЛИНК“ Битола, за период од 01.01.2025 до 31.03.2025 година, бр. 03-31/7 од 26.05.2025 година (наш бр. 15-501/2 од 25.05.2025 год).

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

14-496/6
30.05.2025г.
Новаци

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за одобрување финасиски средства за набавка на ортопедско помагало на Добре Котевски од с. Добромири

1. Се прогласува, Одлука за одобрување финасиски средства за набавка на ортопедско помагало на Добре Котевски од с. Добромири, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 30.05.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-513/5
03.06.2025 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа член 36 став 1 точка 15, член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24), член 21 став 1 точка 49 и член 94 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 30.05.2025 година, донесе:

ОДЛУКА
за одобрување финасиски средства за набавка на ортопедско помагало на Добре Котевски од с. Добромири

Член 1

Со оваа Одлука се одобруваат финасиски средства на Добре Котевски од
с. Добромири, за набавка на ортопедско помагало за неговиот син Ѓорги, лице со посебни потреби.

Член 2

Се одобрува Градоначалникот на Општина Новаци, да исплати сума во нето износ од 47 993.00 денари, на „СЛАВЕЈ“ Центар за ортотика и протетика, АД Скопје од Буџетот на Општина Новаци за 2025 година

Член 3

Средствата од член 1, ќе се исплатат со посебно Решение, донесено од
Градоначалникот на Општина Новаци.

Член 4

Средствата да се префрлат на име :
„СЛАВЕЈ“ Центар за ортотика и протетика АД Скопје
На жиро сметка: 300000000132829
Даночен број : 4030995109825
Депонент: Комерцијална банка АД Скопје.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

14-496/7
30.05.2025г.
Новаци

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за одобрување набавка на градежен материјал на манастирскиот одбор на манастирот „Св. Петар и Павле“ с. Рапеш

1. Се прогласува, Одлука за одобрување набавка на градежен материјал на манастирскиот одбор на манастирот „Св. Петар и Павле“ с. Рапеш, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 30.05.2025г.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-513/6
03.06.2025 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа член 36 став 1 точка 15, член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24), член 21 став 1 точка 49 и член 94 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 30.05.2025 година, донесе:

ОДЛУКА
за одобрување набавка на градежен материјал на манастирскиот одбор на манастирот „Св. Петар и Павле“ с. Рапеш

Член 1

Со оваа Одлука се одобрува набавка на градежен материјал на манастирскиот одбор на манастирот „Св. Петар и Павле“ с. Рапеш во износ од 60 000,00 денари за изградба на трперзарија и кујна во дворот на манастирот.

Член 2

Градежниот материјал ќе го набави Општина Новаци, согласно Законот за јавни набавки.

Член 3

Средствата од член 1 на оваа Одлука, ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци за 2025 година.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

14-496/8
30.05.2025г.
Новаци

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за доделување на еднократна парична помош на
Мартина Димитриевска од с. Новаци

1. Се прогласува, Одлука за доделување на еднократна парична помош на Мартина Димитриевска од с. Новаци, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 30.05.2025г.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-513/7
03.06.2025 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 5/02 и „Сл. весник“ на РСМ бр. 202/24) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци” бр. 7/19 и бр. 16/24), член 3 став 1 алинеја 2 од Правилникот за условите, критериумите и постапката за доделување на еднократна парична помош на физички лица (бр. 14-202/4 од 28.02.2022г.), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 30.05.2025 година донесе:

О Д Л У К А
за доделување на еднократна парична помош на
Мартина Димитриевска од с. Новаци

Член 1

Со оваа Одлука се одобрува еднократна парична помош на Мартина Димитриевска од с. Новаци, за нејзината ќерка Матеа, како лице со здравствени проблеми.

Член 2

Се одобрува Градоначалникот на Општина Новаци, да исплати сума во бруто износ од 20.000,00 денари, од Буџетот на Општина Новаци за 2025 год.

Член 3

Средствата од член 1, ќе се исплатат со посебно Решение, донесено од Градоначалникот на Општина Новаци.

Член 4

Средствата да се префрлат на:
Име Мартина Димитриевска
ЕМБГ 0212995415019
Трансакциска сметка 200004221183427
Депонент Стопанска Банка АД Скопје.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

14-496/9
30.05.2025г.
Новаци

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за доделување на еднократна парична помош на Љупчо Митковски од с. Рапеш

1. Се прогласува, Одлука за доделување на еднократна парична помош на Љупчо Митковски од с. Рапеш, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 30.05.2025г.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-513/8
03.06.2025 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 5/02 и „Сл. весник“ на РСМ бр. 202/24) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци” бр. 7/19 и бр. 16/24), член 3 став 1 алинеја 3 од Правилникот за условите, критериумите и постапката за доделување на еднократна парична помош на физички лица (бр. 14-202/4 од 28.02.2022г.), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 30.05.2025 година донесе:

О Д Л У К А
за доделување на еднократна парична помош на Љупчо Митковски од с. Рапеш

Член 1

Со оваа Одлука се одобрува еднократна парична помош на Љупчо Митковски од с. Рапеш, за неговата ќерка Јагода, како лице со посебни потреби.

Член 2

Се одобрува Градоначалникот на Општина Новаци, да исплати сума во бруто износ од 20.000,00 денари, од Буџетот на Општина Новаци за 2025 год.

Член 3

Средствата од член 1, ќе се исплатат со посебно Решение, донесено од Градоначалникот на Општина Новаци.

Член 4

Средствата да се префрлат на:
Име Љупчо Митковски
ЕМБГ 2707966410004
Трансакциска сметка 500800005172706
Депонент Стопанска Банка АД Битола.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

14-496/10
30.05.2025г.
Новаци

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска

СОДРЖИНА

1. Заклучок за прогласување на Заклучок за проследување на предмет до Влада на Република Северна Македонија;
2. Заклучок за прогласување на Одлука за утврдување на висината на стапките на данок на имот, данок на наследство и подарок и данок на промет на недвижности во Општина Новаци;
3. Заклучок за прогласување на Одлука за усвојување на Финансиски извештај за работењето на МЈП„ПЕЛАЛИНК“ Битола за период од 01.01.2025 до 31.03.2025 година;
4. Заклучок за прогласување на Одлука за одобрување финасиски средства за набавка на ортопедско помагало на Добре Котевски од с. Добромири;
5. Заклучок за прогласување на Одлука за одобрување набавка на градежен материјал на манастирскиот одбор на манастирот „Св. Петар и Павле“ с. Рапеш;
6. Заклучок за прогласување на Одлука за доделување на еднократна парична помош на Мартина Димитриевска од с. Новаци;
7. Заклучок за прогласување на Одлука за доделување на еднократна парична помош на Љупчо Митковски од с. Рапеш.

Издавач: Општина Новаци
тел. 047 203 060
Буџет на Општина Новаци
Сметка: 749014004563010
Народна банка на РСМ
Д.Б. 4002004169848
Приходна Шифра 752939